# Што значат новите Стандарди за квалитет на старосната нега за давателите на услуги?




**Стандард бр.1**

***Организацијата:***
***(а) има култура на вклучување и почит кон корисниците; и***
***(б) ги поддржува корисниците да имаат избор и да бидат самостојни; и***
***(в) ја почитува приватноста на корисниците.***

**Стандард бр.2**

***Организацијата спроведува почетна и постојана проценка и планирање на негата и услугите во соработка со корисникот. Проценката и планирањето се фокусирани на максимално подобрување на здравјето и благосостојбата во согласност со потребите на корисниците, нивните цели и работите кои ги претпочитаат.***

**Стандард бр.3**

***Организацијата доставува безбедна и ефективна лична нега, клиничка нега, или лична и клиничка нега, во согласност со потребите на корисниците, нивните цели и работите кои ги претпочитаат, со цел максимално да се подобри нивното здравје и благосостојба.***

**Стандард бр.4**

***Организацијата нуди безбедни и ефективни услуги и поддршка за секојдневно живеење кои максимално ги подобруваат самостојноста, здравјето, благосостојбата и квалитетот на животот на корисникот.***

**Стандард бр.5**

***Организацијата нуди безбедна и пријатна средина во која ги доставува услугите и ги потпомага самостојноста, фунционирањето и задоволството на корисникот.***

**Стандард бр.6**

***Организацијата редовно бара препораки и мислења од корисниците, негувателите, вработените и други лица и ги користи препораките и мислењата како упатство за постојаното подобрување за поединечни корисници и целата организација.***

**Стандард бр.7**

***Организацијата има доволен број на вработени лица, кои се обучени и квалификувани да доставуваат квалитетна нега и услуги кои се безбедни и со почит.***

**Стандард бр.8**

***Управата на организацијата е одговорна за доставувањето на безбедна и квалитетна нега и услуги.***

## Information for providers of aged care services

Од 1 јули 2019, Aged Care Quality and Safety Commission (Комисија за квалитет и безбедност на старосна нега) очекува од организациите кои нудат услуги на старосна нега во Австралија да ги почитуваат Стандардите за квалитет на негата на стари лица. Стандардите се сконцентрирани на резултите за корисниците и го одразуваат степенот на негата и услугите што заедницата може да ги очекува. Некои Стандарди ќе се применуваат различно за различни организации, во зависност од видовите на нега и услуги кои се доставуваат.

Постојат осум Стандарди и секој од нив содржи еден резултат за корисниците, изјава од организацијата и повеќе барања со кои во кратки црти е изложено што мора да покажете за да докажете дека го задоволувате Стандардот.

## Ако сакате да добиете повеќе информации

Материјалите со совети се подготвени да им помогнат на организациите и вработените да ги разберат Стандардите за квалитетот ма старосна нега и штоможе да се очекува при проценката на квалитетот; да ја одразуваат секојдневната работа и сферите за подобрување; и да спроведуваат постојани проверки на работата наспроти Стандардите за квалитет.

Во овие материјали се објаснети очекувањата на Комисијата за квалитет и безбедност на старосната нега и содржат дополнителни информации, предлози за работење, како и примери на делување и докази со кои се потврдува почитувањето на Стандардите.

Материјалите со совети може да се најдат на веб-страницата на Комисијата на:
**agedcarequality.gov.au/providers/standards**


Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission


Engage
*Empower*
**Safeguard**

# Што значат новите Стандарди за квалитет на старосната нега за вас?




**Стандард бр.1**

***Се однесуваат кон мене со достоинство и почит, и јас можам да го зачувам мојот идентитет. Можам да донесувам информирани одлуки за мојата нега и услуги, и да го живеам животот што ќе го изберам.***

**Стандард бр.2**

***Учествувам како партнер во постојаната проценка и планирање што ми помага да добивам нега и услуги потребни за моето здравје и благосостојба.***

**Стандард бр.3**

***Добивам лична нега, клиничка нега, или и лична и клиничка нега, која е безбедна и соодветна за мене.***

**Стандард бр.4**

***Добивам услуги и поддршка во секојдневниот живот кои се важни за моето здравје и благосостојба и кои ми овозможуваат да ги правам работите што ги сакам.***

**Стандард бр.5**

***Во физичката средина во која организацијата ми ги дава услугите имам чувство на припаѓање и се чувствувам безбедно и пријатно.***

**Стандард бр.6**

***Се чувствувам безбедно и ме поттикнуваат и подржуваат да ги изнесувам моите мислења и да поднесувам жалби. Вклучен/а се моите мислења и жалби, и се преземаат соодветни мерки.***

**Стандард бр.7**

***Добивам квалитетна нега и услуги кога ми се потребни од лица кои имаат знаења, се способни и водат грижа.***

**Стандард бр.8**

***Убеден/убедена сум дека со организацијата добро се управува. Можам да учествувам како партнер во подобрување на давањето на негата и услугите.***

## Информации за корисниците на услуги на старосна на стари лица, нивните семејства, негуватели и застапници

Од 1 јули 2019, службата од која добивате услуги ќе треба да покаже дека ги задоволува Стандардите за квалитет на старосната нега. Со Стандардите за квалитет јасно е утврдено како треба да изгледа квалитетот на негата, и секое лице треба да добива таква нега. Постојат осум Стандарди и секој од нив се однесува на еден аспект од негата кој придонесува кон вашата безбедност, здравје и благосостојба. Исто така, постои и Повелба за правата за старосна нега.

Секој Стандард објаснува што вие, како корисник, можете да очекувате. Вашиот давател на услуги на старосна нега треба да покаже како ја исполнува таа цел.

## Ако нешто ве загрижува

Вие и вашето семејство треба да чувствувате дека слободно можете да поставувате прашања и да кажете што ве загрижува ако чувствувате дека вашата нега не задоволува некој Стандард

1. Ако можете, прво разговарајте со вашиот давател на нега, за да изнајдете решенија за работите кои ве загрижуваат.
2. За да поднесете жалба или изнесете мислење за вашата нега и услуги, јавете ни се на **1800 951 822**.
3. Исто така, може да ви помогне застапник. Јавете се на Националната телефонска линија за застапување при добивање на нега на стари лица на **1800 700 600**.

Ако имате оштетен слух или говор, можете да се јавите во Националната служба за поврзување на лица со оштетен слух или говор (National Relay Service) на **1800 555 677**.

Можете да ја користите Службата за писмено и усмено преведување ако се јавите на **131 450**.

Целта на Стандардите е да соработувате со цел да се обезбеди секое лице да добива квалитетна нега.

Дополнителни материјали можете да најдете на веб-страницата на Комисијата на:
**agedcarequality.gov.au/consumers/standards/resources**

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

Engage
*Empower*
**Safeguard**